РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 03-34/6
21.01. 2022 год.-viti
Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 25 седница одржана на 10.11.2021 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма „Туризам", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Факултет за туризам при Универзитет за туризам и менаџмент Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Туризам", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Факултет за туризам при Универзитет за туризам и менаџмент Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Магистер по туризам/во меѓународен промет академски назив: Master of tourism.

4. Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки.
Научно – истражувачко поле:514 Туризам и угостителство, 506 Организациони науки и управување (менаџмент).
Научно – истражувачка област: 51401 Хотелиерство, 51402 Гастрономија 51403 Туристички агенции, 51404 Туристичка географија, 51405 Туристичка политика
51407 Економика и организација на туризмот 51409 Управување со туристички простор 51413 Туризмот и културното наследство 51414 Туристички маркетинг, 51415 Туристичко деловно комуницирање 51418 Туристичка култура, култура на однесување во туризмот
51419 Друго, 50607 Финансиски менаџмент, 50613 Деловно комуницирање, 50622 Управување со човечки ресурси, 50623 Претприемништво, 50705 Дипломатија, 50824 Деловно право.

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 5 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената одлука бр. 02-486/3 од 18.12.2019 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Туризам", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС), на Факултет за туризам при Универзитет за туризам и менаџмент Скопје, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.1409 - 34/1 од 31.01.2020 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 3-та седницата одржана на 01.07.2020 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.1409 - 34/3 од 05.11.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 25-та седница одржана на 10.11.2021 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски